ПРОГРАМА
за изведување на екскурзија
со учениците од III (трета) година при ССОУ„Димитрија Чуповски"-Велес во учебната 2025/2026 година

Вид на екскурзија:	**Цел на екскурзијата:**
• Завршна екскурзија	• Запознавање на учениците со природните и историските знаменитости на повеќе европски држави; • Запознавање со културно-историското минато; • Запознавање со културата и со начинот на живеење на луѓето во одделни краеви • Формирање на позитивен однос кон националните, интернационалните, културни и естетски вредности; • Запознавање со природните реткости во поглед на растителниот и животинскиот свет; • Развивање интерес и грижа за природата и практикување на еколошки навики; • Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и поддршка, со солидарност и подобро взаемно запознавање. Оваа ученичка екскурзија е поврзана со група наставни предмети: Географија, Историја, Биологија, Ликовна уметност, Екологија и Англиски јазик.

Задачи на екскурзијата:

- Учениците да направат споредба со наставната програма, со природните и општествени објекти на теренот.
- На учениците да им се развие љубов кон природата, културното наследство и зачувување на природната средина од аспект на екологијата.
- Запознавање и зближување (социјализација) на учениците од трета година.

Време на изведување:	**Времетраење:**
Април-Мај 2026 година	Шест дена

Патен правец, предели, подрачја, објекти што ќе се посетат:

Прв ден: Велес – Дубровник
Состанок на групата и поаѓање од Велес кон Хрватска. Патување преку граничен премин Блаце со попатни паузи и царински формалности. Ноќно патување кон Хрватска.
Втор ден: Дубровник – Сплит – Трогир
Пристигнување во утринските часови во Дубровник. Разглед на градот со локален водич: Стариот град, Страдун, тврдината, катедралата, црквата Св. Блез. Слободно време за прошетка и ручек. Патување кон Сплит и Трогир. Сместување во хотел во Трогир, вечера и ноќевање.
Трет ден: Сплит – Плитвички Езера – Лидо ди Јесоло
Појадок. Патување кон Националниот парк Плитвички Езера. Пауза и разглед со влезница. Патување кон Италија, пристигнување во Лидо ди Јесоло. Сместување во хотел, вечера и организирана забава во дискотека. Ноќевање.
Четврти ден: Лидо ди Јесоло – Венеција – Постојна Јама – ноќно возење кон Виена
Појадок и одјава од хотел. Трансфер до пристаништето Пунта Сабјони и пловење со брод до Венеција. Разглед со локален водич: Плоштадот Сан Марко, Мостот Риалто, Мостот на воздишките, Дуждевата палата и Каналот Гранде. Слободно време за прошетка и ручек. Патување кон Словенија и посета на Постојна Јама со влезница и аудио водич. Ноќно возење кон Виена.
Петти ден: Виена – Будимпешта
Пристигнување во Виена во утринските часови. Панорамски разглед: Рингштрасе, Операта, Парламентот, палатата Хофбург, Белведере и катедралата Св. Стефан. Слободно време за прошетка. Попладне поаѓање за Будимпешта. Крстарење со брод по Дунав. Сместување во хотел, вечера и ноќевање.
Шести ден: Будимпешта – Белград – Велес
Појадок. Краток разглед: Плоштадот на хероите, Парламентот и мостовите на Дунав. Слободно време за прошетка. Патување кон Белград и пауза за краток разглед на Калемегдан и Кнез Михајлова. Продолжување кон Велес со попатни одмори и царински формалности. Пристигнување во вечерните часови.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:

Родителот/старателот ги надоместува сите финансиски трошоци за екскурзијата.

Учесници на екскурзијата:	Одговорни наставници:
• Класни раководители од III година, ученици од III година. Забелешка: Екскурзијата ќе се реализира со согласност од минимум 30% од родителите на учениците опфатени со екскурзијата.	1. Силвана Карагирова 2. Методи Јованов 3. Љубинка Ртоска 4. Ирена Карова 5. Руска Мицева 6. Сандра Стојчиќ

Раководител на екскурзијата: Силвана Карагирова

Тим за изработка на програмата

1. Силвана Карагирова
2. Методи Јованов
3. Љубинка Ртоска
4. Ирена Карова
5. Руска Мицева
6. Сандра Стојчиќ
7. Горан Јанков
8. Весна Славеска
9. Мартин Ефремов
10. Слободанка Арсовска